Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Бр. 04-180/13
19.02.2025
Скопје

Врз основа на член 13 став (2), член 14 став (1) и член 19 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 30/00, 9/01, 41/10 и 142/13 и „Службен весник на РСМ“ бр.160/22), член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Томислав Христов**, по пат на Интерен оглас бр 01/2025 се избира за работно место **УПР 0101Б02000 Раководител на сектор во Кабинетот на претседателот на Републиката за општи и заеднички работи -** 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 19-345/2 од 17.01.2025 година, Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија упати барање со архивски бр. 04-180/1 од 03.02.2025 година за започнување на постапка за унапредување на административни службеници. Одделението за управување со човечки ресурси, објави Интерен оглас бр 01/2025 на 04.02.2025 година, на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и на веб страницата на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/8 од 13.02.2025 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места

во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/9 од 14.02.2025 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски бр.04-180/10 од 14.02.2025 година и Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорги Божинов**

Доставено до:
- именуваниот/та
- одд. човечки ресурси
- архива